**20250090206**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 166, став (3) од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/22 и 208/24), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА СПРОВЕДЕНИ ПОСТАПКИ ЗА ИЗРЕЧЕНИ КОРЕКТИВНИ МЕРКИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на евиденцијата за спроведени постапки за изречени корективни мерки.

Член 2

(1) Евиденцијата за спроведени постапки за изречени корективни мерки се води во електронска форма.

(2) Формата и содржината на евиденцијата за спроведени постапки за изречени корективни мерки се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата и начинот и формата на водење на евиденција за спроведената едукација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 243/18).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13-215/2
13 јануари 2025 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Гордана Димитриеска-Кочоска,** с.р.

**Прилог**

## ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СПРОВЕДЕНИ ПОСТАПКИ ЗА ИЗРЕЧЕНИ КОРЕКТИВНИ МЕРКИ

| Реден број | Број и датум на записник врз основа на кој се изречени корективни мерки | Категорија на субјект на кој се изречени корективни мерки | Назив на субјектот на кој се изречени корективни мерки | ЕМБС и ЕДБ на субјектот на кој се изречени корективни мерки | Вид на неправилност/и за која/и се изрекува корективна/и мерка/и | Име и презиме на финансискиот/те разузнавач/и кој/и ја спроведувале постапката за изрекување на корективни мерки | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |